**Cineplexx Skopje City Mall**
Љубљанска 4, 1000 Скопје
www.cineplexx.mk

Соопштение за медиуми
Датум: 11.12.2013

## Интригантниот трилер на Ридли Скот СОВЕТНИК, премиерно на 21.ноември во киното Cineplexx

***„Некои луѓе можат да живеат одвратен живот, да ги работат сите работи погрешно, и да умрат во мир во својот кревет на 102 години. СОВЕТНИКОТ не е еден од нив.“ – Кормак Мекарти***

Новиот филм на режисерот Ридли Скот, СОВЕТНИК, е приказна за адвокатот кој влегува во светот на високиот криминал и трговијата со дрога за да заработи многу пари на лесен начин.

Овој филм го претставува угледниот адвокат кој си поигрува со светот на нарко бизнисот и притоа губи контрола над сѐ. Легендарниот режисер Ридли Скот и добитникот на Пулицеровата награда, Кормак Мекарти, со здружени сили го испреплетуваат хуморот со досетливоста во овој возбудлив трилер во кој главните улоги им се доделени на Бред Пит, Камерон Дијаз, Хавиер Бардем, Пенелопе Круз и Мајкл Фасбиндер.

Кормак Мекарти бил сред пишување на два романи, кога еден ден станал и помислил дека му е потребна пауза. Но, не размислувал за одмор, туку напротив, решил да напише сценарио. Кога завршил со првата верзија им го испратил на продуцентите, кои во него веднаш го препознале Кормак Мекарти. Советник маѓепсува, тој е моќен и вознемирувачки.

Филмот ќе биде на редовен репертоар од 21 ноември во кината Cineplexx и Центарот за култура, Битола. Погледнете го трејлерот за филмот СОВЕТНИК со Македонски превод.